Центар
за истражување
и информирање
за животна средина
„ЕКО-СВЕСТ“ СКОПЈЕ

**ОТВОРЕН ПОВИК ДО**
**ИНДИВИДУАЛНИ КОНСУЛТАНТИ И КОМПАНИИ ЗА**

**Изработка на тематски извештаи од Студија за валоризација на вредностите на Демиркаписката клисура и околината заради прогласување за заштитено подрачје**

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко – свест“ во рамки на регионалната иницијатива „Заедно за реките“ финансирана од The Nature Conservancy, објавува Повик за ангажирање на индивидуални консултанти или компании за подготовка на извештаи од предвидените тематски области кои ќе бидат дел од Студија за валоризација на вредностите на Демиркаписката клисура и околината.

**Цел на активноста**

Со извештаите треба да се обезбеди преглед на постоечките состојби и да се идентификуваат, документираат и категоризираат сите карактеристики на биолошкото, геолошкото и хидролошкото богатство на подрачјето на Демиркаписката клисура и сливот на реката Вардар на територијата на општина Демир Капија.

Покрај документирање на постоечката состојба, намената на тематските извештаи е да бидат составен дел од Студијата за валоризација на предложеното подрачје Демиркаписка клисура и околината, а крајната цел е репрогласување на тој регион за заштитено подрачје.

Извештаите и Студијата за валоризација на предложеното подрачје Демиркаписка клисура и околината, треба да биде во согласност со Законот за заштита на природата ("Сл.весник на Република Македонија" бр.67/04,14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14) и Правилникот за содржината на Студијата за валоризација или ревалоризација на заштитени подрачја ("Сл.весник на Република Македонија"бр.26/12).

**Потребни квалификации на понудувачите**

Сите експерти (индивидуални или како дел од експертските тимови/компании) треба да ги имаат следните квалификации:

- Високо образование во бараната тематска област или работно искуство од најмалку 10 години во бараната област;
- Искуство во работа на најмалку 3 (претходно) изработени Студии за валоризација/ревалоризација или Студии за оцена на животната средина; и
- Развиени истражувачки и аналитички способности.

**Услови на повикот**

На повикот може да аплицираат поединечни експерти и/или оформени тимови и компании.

Заинтересираните кандидати или тимови/компании, кои ги исполнуваат условите, документите треба да ги достават во електронска верзија на е-пошта до gjorgji@ekosvest.com.mk и biljana@ekosvest.com.mk со назнака „Пријава за изработка на тематски извештаи од Студија за валоризација на вредностите на Демиркаписката клисура и околината“.

**Начин на пријавување**

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите треба да достават:

- За физички лица:
    1. Понуда за изработка на извештаите, во која ќе се наведе/ат тематските/а област/и за која/и се аплицира наведена во Анекс 1;
    2. Биографија (CV) со информација за најмалку 3 претходни изработени извештаи од студии или трудови од бараната проблематика или Студии за оцена на влијанието на животната средина во бараната област;
    3. Финансиска понуда со преглед на трошоци по ставки и квантификација на експертски денови.
    4. Потврда за посветеност: Кодекс на однесувањена Еко-свест и декларација за судир на интереси (Анекс 2).
- За правни лица/компании:
    1. Понуда за изработка на извештаите, во која ќе се наведе/ат тематските/а област/и за која/и се аплицира наведена во Анекс 1;
    2. Портфолио на компанијата со најмалку 3 претходни изработени извештаи во рамки на Студии за ре/валоризација или Студии за оцена на влијанието на животната средина во бараната област;
    3. Биографија (CV) со информација за најмалку 3 претходни изработени извештаи од студии или трудови од бараната проблематика или Студии за оцена на влијанието на животната средина во бараната област, за секој член на тимот кој ќе учествува во изработка на извештаите;
    4. Финансиска понуда со преглед на трошоци по ставки и квантификација на експертски денови;
    5. Пополнета изјава за незапаѓање во ситуација која е основа за исклучување од учество во набавката (Анекс 3).

За сите прашања, контактирајте нè на gjorgji@ekosvest.com.mk и на biljana@ekosvest.com.mk најдоцна до 15.07.2024 година. Пристигнатите прашања од кој било од заинтересираните

понудувачи ќе бидат одговорени и објавени на веб-страницата на Еко-свест во коментари под објавата за повикот и достапни за сите.

Доставените материјали остануваат во архивата на Еко-свест.

Понудите кои ќе пристигнат по наведениот рок или без целосна документација, нема да бидат разгледувани.

**Рокови, временска рамка и локација на спроведување на активностите**

Повикот е отворен до 19.07.2024.

Истражувањата ќе се спроведуваат во рок од 12 месеци почнувајќи од август 2024 година.

Истражувањата ќе се споведуваат на територија на општина Демир Капија.

**Критериум за избор на најсоодветна понуда**

По истекот на рокот за пријавување, ќе се креира Комисија од 3 члена која ќе изврши бодување на пристигнатите понуди.
Кандидатите за секоја тематска област ќе бидат оценувани според следните критериуми:

1. Портфолио на кандидатот (60 бодови) со вклучен преглед на претходни изработени студии/анализи во рамки на Студии за валоризација и/или Студија за оценка на влијанието врз животната средина;
2. Финансиска понуда (40 бодови).

Вкупно 100 бодови

Еко – свест ќе ги контактира избраните понудувачи, не подоцна од 7 дена од истекот на периодот за доставување на понуда.

Договор ќе биде склучен со кандидатите кои освоиле најголем број бодови во сооднос квалитет на понуда и цена.

**Во продолжение деталниот опис на отворениот Повик**

## Анекс 1: Детален опис на работната задача

### Основни информации

Регионалната иницијатива „Заедно за реките“ е посветена на зачувувањето на 13 реки во пет земји на Југоисточна Европа каде што сè уште може да се најдат некои од последните диви реки на континентот. Иницијативата ги промовира реките како крвоток на заедниците и екосистемите кои обезбедуваат чиста вода за пиење, го одржуваат биодиверзитетот и го овозможуваат животот на локалните заедници.

Оваа иницијатива се заснова на верувањето дека вклучувањето и зајакнувањето на локалните заедници е клучно за ефективна и трајна заштита на реките како природни ресурси. Истакнувајќи ја вклученоста на локалните заедници, The nature Conservancy и шест партнерски организации од БиХ, Црна Гора, Хрватска, С. Македонија и Србија работат на воспоставување на нови заштитени подрачја покрај реките со цел да се зачуваат нивните природни, социјални и културни вредности.

Преку воспоставување на заштита и добро управување со заштитените подрачја ќе се обезбеди директен придонес во исполнувањето на меѓународните обврски на кои се обврза С. Македонија, а тоа се: Европскиот зелен договор, Зелената агенда на ЕУ за Западен Балкан и Глобалната рамка за биолошка разновидност Кунмин- Монтреал од декември 2022 година.

Иницијативата „Заедно за реките“ во С. Македонија ја спроведува Еко-свест со цел да се обезбеди заштита на долниот тек на реката Вардар и нејзините притоки кои минуваат низ територијата на општина Демир Капија, со фокус на придобивките од реката за животот на локалните заедници.

### Обем и детален опис на услугата

За целите на тематските извештаи од Студијата за валоризација, согласно Законот за заштита на природата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 14/14) и Правилникот за содржината на Студијата за валоризација или ревалоризација на заштитено подрачја („Сл.весник на Република Македонија“ бр.26/12), експертскиот тим или индивидуалниот консултант е должен:

- Да ја следи методологијата и предложените тематски области од Еко-свест;
- Да спроведе истражување и прибирање на технички и научни податоци;
- Да ги користи расположливите информации и постоечките документи кои се јавно достапни (извештаи, анализи од различни организации/институции од областа и др.);
- Да подготви и поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Да подготви и поднесе барање за истражувачки активности на територијата на Општина Демир Капија;
- Да споделува информации за подготовка на студијата преку заеднички координативни состаноци со останатите експерти за подготовка на студијата;

- Да учествува на форумите со засегнати страни во општина Демир Капија и на други локации во организација на Еко-свест и Општина Демир Капија.

**Експертите (секој соодветно) треба да ги спроведат следните работни задачи:**

**Експерт за хидрографија:**

- Да изработи преглед на Хидрографско-хидролошки карактеристики на подрачјето
- Да изработи анализа на речната хидрографија и хидролошка разновидност со преглед на реките во областа која е предмет на истражувањето
- Да изработи анализа на хидролошкиот режим на реките и водотеците (време, магнитуда, времетраење, фрекфенција)
- Да изработи табеларен и картографски приказ на изворите и реките во подрачјето
- Да идентификува значајни водни тела на територија на подрачјето
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за макроинвертебрати:**

- Да изработи преглед и анализа на следните групи: макроинвертебрати
- Да подготви карти на дистрибуција за клучни макроинвертебрати од европско и национално значење
- Да подготви карта за мапирање на основните екосистеми
- Да предложи надворешни граници и зонирање во ГИС за определеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за пајаци:**

- Да изработи преглед и анализа на следните групи: пајаци
- Да подготви карти на дистрибуција за клучни риби од европско и национално значење
- Да подготви карта за мапирање на основните екосистеми
- Да предложи надворешни граници и зонирање во ГИС за определеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за риби:**

- Да изработи преглед и анализа на следните групи: риби
- Да подготви карти на дистрибуција за клучни риби од европско и национално значење
- Да подготви карта за мапирање на основните екосистеми
- Да предложи надворешни граници и зонирање во ГИС за определеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за водоземци и влекачи:**

- Да изработи преглед и анализа на следните групи: водоземци и влекачи
- Да подготви карти на дистрибуција за клучни водоземци и влекачи од европско и национално значење
- Да подготви карта за мапирање на основните екосистеми
- Да предложи надворешни граници и зонирање во ГИС за определеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за птици:**

- Да изработи преглед и анализа на следните групи: птици
- Да подготви карти на дистрибуција за клучни птици од европско и национално значење
- Да подготви карта за мапирање на основните екосистеми
- Да предложи надворешни граници и зонирање во ГИС за определеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за цицачи:**

- Да изработи преглед и анализа на следните групи: цицачи
- Да подготви карти на дистрибуција за клучни цицачи од европско и национално значење
- Да подготви карта за мапирање на основните екосистеми
- Да предложи надворешни граници и зонирање во ГИС за определеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за лилјаци:**

- Да изработи преглед и анализа на следните групи: лилјаци
- Да подготви карти на дистрибуција за клучни лилјаци од европско и национално значење
- Да подготви карта за мапирање на основните екосистеми
- Да предложи надворешни граници и зонирање во ГИС за определеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за геодиверзитет:**

- Да изработи преглед и анализа на геодиверзитет
- Да подготви карти на дистрибуција за клучни елементи на геодиверзитетот
- Да предложи надворешни граници и зонирање во ГИС за определеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

**Експерт за ГИС:**

- Да ги обедини/преклопи предлозите за надворешни граници и зонирање во ГИС дадени од експертите
- Да направи анализа на богатост на диверзитетот на таксономските групи опфатени во овој повик
- Да направи анализа на жаришта на диверзитет на таксономските групи опфатени во овој повик
- Да изготви предлог надворешни граници и предлог зонирање во ГИС во соработка со експертите
- Да подготви наративен опис на предлог надворешните граници и предлог границите на распространување на зоните во предложеното подрачје
- Да учествува на јавни консултативни состаноци за презентација и дискусија на нацртот и конечната Студија за валоризација на предложеното подрачје

***Еден консултант може да се пријави да изработи извештаи за повеќе од една таксономска група, односно повеќе од една тематска област**

***Извештаите од Студијата треба да бидат изработени на македонски јазик.**

Контакт лица:

*Ѓорѓи Митревски, Раководител на програма Води

gjorgji@ekosvest.com.mk

тел.за контакт 071-232-103

*Биљана Петропулос

biljana@ekosvest.com.mk

тел.за контакт 071-385-442

# Анекс 2:Потврда за посветеност: Кодекс на однесување на Еко-свест и декларација на судир на интереси

Ви благодариме што го пополнивте овој документ и го испративте до соодветното одговорно лице во Еко-свест, кое ќе го разгледа и ќе разговара со вас за сите потенцијални конфликти што може да ги декларирате. Декларирањето на судирот на интерес подолу треба да се пополни еднаш годишно, или кога ќе се појави нов идентификуван судир или на барање од Управните структури на Еко-свест.

**Потврдувам дека го прочитав, разбирам и целосно се обврзувам да го почитувам Кодексот на однесување на Еко-свест. Посебно ги признавам и се обврзувам на почитување на Политиката на Еко-свест за превенција на корупција, измама и судир на интереси, како и Упатството за укажувачи.**

**Потпишал (Име и презиме):** **Позиција/ Функција** **Датум**

---------------------------------------- -------------------------------------------- ---------------------------

**Своерачен потпис** --------------------------------------------

## Декларација за непостоење судир на интереси

**__*X*___ Изјавувам дека немам никакви судири на интерес, онака како што е опишано во политиката на Еко-свест.**

______________________ ______________________________ __________________

***Потпис*** ***Име и презиме*** ***Датум***

***ИЛИ***

**______ Изјавувам дека немам судири на интерес, онака како што е опишано во политиката на Еко-свест, освен оние наведени подолу:**

______________________ ______________________________ __________________

***Потпис*** ***Име и презиме*** ***Датум***

| **Потенцијална конфликтна „страна“** | **Однос на страната со Еко-свест** | **Однос на вработен/консултант/член на одбор со страната (вклучува и исплати и надоместоци)** | **Временска рамка на односот меѓу вработениот/ консултантот/ член на Одбор и страната** | **Останати коментари, информации, податоци** |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

**Анекс 3: Изјава од понудувач**

**ИЗЈАВА**

Јас, долупотпишаниот ___________________________(име и презиме) во функција на овластен застапник на _________________________(називна правното лице) со целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека правното лице кое го застапувам нема ограничувања да биде понудувач во овој повик и дека поконкретно:

- Правното лице не се наоѓа во стечајна постапка, банкрот или судски спор; правнотолице нема склучено договор со доверители без можност да ги сервисира обрските кон кредиторите, и истото нема суспендирање на деловните активности на правниот субјект, односно активностите на правното лицене се предмет на постапка во врска со овие прашања или не се во каква било аналогна ситуација што произлегува од слична постапка предвидена во националното законодавство и регулативи;
- Правното лице и овластениот застапник не се осудени за прекршок по основ на непрофесионално однесување, со пресуда кој има сила на res judicata;
- Правното или физичкото лице застапник не е обвинето за тежок прекршок и/или недолично професионлано однесување, по кој било основ докажано како праведно обвинето;
- Правното или физичкото лице застапник не се утврдени за виновни со правосилна пресуда или со правосилна административна одлука за тешко недолично професионално однесување прекршувајќи ги важечките закони и прописи или етичките стандарди апликативни за професионалната област во рамки на која субјектот делува, или соучествувајќи во какво било несоодветно однесување кое има влијание врз неговиот професионален кредибилитет и кога таквото однесување укажува на погрешна намера или груба небрежност, вклучително и особено кое било од следното:измама или небрежно погрешно прикажување на информации потребни за проверка на отсуството на основи за исклучување или исполнување на критериумите за избор или спроведување на договорот, вршење притисок или влијание при процесот на донесување одлука, или обид да се добијат доверливи информации за предности во постапката на набавка;
- Правното лице ги исполнува обврските за плаќање на придонеси за социјално осигурување на вработените или плаќање даноци согласно законските одредби на земјата во која правниот субјект е основан или со одредбите важчки за земјата каде треба да се спроведе договорот;
- Правното лице не е предмет на пресуда која има сила на res judicata за измама, корупција, инволвираност во криминални дејствија или која било друга незаконска активност штетна за финансиските интереси на организацијата и донаторите;

- За правното лице не се евидентирани податоци за изрешена прекршочна санкција – забрана за вршење професија, дејност или должност;
- За правното лице не се евидентирани податоци за изречена споредна казана за сторени кривични дела – трајна забрана за вршење одделна дејност.

На ден __________година

Име и презиме на застапникот

Потпис и печат